Занаетчиска Комора Скопје

Занаетчиска комора Скопје
Битпазарска бр.12; 1000 Skopje
tel.:+389 2 3237850; 078 312-134
E-mail:info@zkomora.com.mk
`жиро сметка: 300000000709203
Депонент Комерцијална Банка АД Скопје
D.B. 4030988264319

ЗАНАЕТЧИСКА КОМОРА
СКОПЈЕ
Бр. 0302-187
26.09 2023 год
СКОПЈЕ

**ПРЕДМЕТ:ЈАВЕН ПОВИК ЗА ИЗБОР НА ЕКСПЕРТ ЗА ИЗГОТВУВАЊЕ НА АНАЛИЗА ЗА СИВАТА ЕКОНОМИЈА ВО ЗАНАЕТЧИСКИОТ СЕКТОР И ПРЕДЛОГ МЕРКИ ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА СИВАТА ЕКОНОМИЈА ВО ЗАНАЕТЧИСКИОТ СЕКТОР**

Занаетчиска комора Скопје , по анкетирање на членството за утврдување на проблемите со кои се соочуваат занаетчиите и по донесена Одлука на Собранието на Занаетчиска комора Скопје распишува повик за ангажирање на експерт/ка за изработка на анализа на тема “Анализа за сивата економија во занаетчискиот сектор и изготвување предлог мерки за спречување на сивата економија во занаетчискиот сектор”.

**Опис на работните задачи**

Работејќи надвор од формалната економија, поединците ги избегнуваат даноците, административните постапки, уплаќањето социјални придонеси, даночните и трудовите регулативи. Нерегистрираните бизниси остваруваат неправична и незаконска предност во однос на занаетчиите кои ги исполнуваат законските обврски. Сивата економија штетно влијае на занаетчиските бизниси, ја уништува нивната конкурентност и создава незадоволство во занаетчискиот сектор зашто нелегалниот бизнис кој дејствува без никакви давачки делува слободно без никакви контроли и надзори.

Преку оваа анализа комората има за цел да укаже на потребата од спречување на сивата економија во занаетчискиот сектор на надлежните институции. Во склоп на анализата ќе се изработат и предлог мерки и препораки кои ќе бидат доставени до надлежните институции Влада на РСМ, Министерство за Економија на РСМ, Министерство за финансии на РСМ, ДПИ, ДТИ, и др.

**Задачи кои се очекува да ги исполни експертот:**

**1. Изработка на анализата со соодветно анализирање на законска регулатива и анкетирање на членството на терен за состојбата во занаетчиството**

**2. Изготвување на препораки и забелешки за подобрување на состојбите во пронајдоците од анализата;**

**3. Постојана и навремена комуникација со стручната служба на комората;**

**4. Изготвување на еден извештај за напредокот на анализата;**

**5.Презентација на анализата и акцискиот план во комората .**

**Временска рамка за предвидениот ангажман**

Ангажманот на експертот/експерткатa ќе биде во времетраење од 6 (шест) месеци од датумот на потпишување на договорот.

**Договор и надоместок за експерт/експертка**

Ангажманот се заснова по претходно потпишан договор со експерт/експертка Плаќањето ќе се изврши на две рати, една по поднесување на извештајот за напредокот на анализата и втора рата по завршувањето на предвидениот ангажман и добивање на готов производ.

Максималната вредност на договорот изнесува 490.000,00 ден во нето износ, на таа сума во понудата да се пресмета и 10% ПДД.

Трошоците поврзани со патување при анкетирање како и сите други трошоци се вклучени во погоренаведениот износ

**Потребни квалификации**

Експертот треба да ги поседува следните квалификации и вештини:

1. Да има завршено високо образование од областа на економијата
2. Комуникациски и презентациски вештини;
3. Вештини за пишување на научни трудови.

Занаетчиска Комора Скопје

Занаетчиска комора Скопје
Битпазарска бр.12; 1000 Skopje
tel.:+389 2 3237850; 078 312-134
**E-mail:info@zkomora.com.mk**
`жиро сметка: 300000000709203
Депонент Комерцијална Банка АД Скопје
D.B. 4030988264319

## Селекција

- Искуство во подготовка (претходно спроведени) истражувања/анализи и слично;
- Како предност ќе се смета искуство во претходна подготовка на истражувања/анализи во секторот економија;
- Познавања на состојбите во македонската економија

## Потребна документација

Понудата треба да го содржи следново:

- Кратка биографија (CV);
- Методологија за работа,
- Финансиска понуда

Предност ќе добијат кандидати кои имаат поголемо искуство при анализа и пишување научни трудови во економијата со цел да се добие квалитетна анализа за сивата економија во занаетчискиот сектор, како и понудена најниска цена .

## Рок за пријавување

Рокот за пријавување е најдоцна до 06.10. 2023 (петок) до 16.00 часот на следната емаил адреса: info@zkomora.com.mk, со назнака **Апликација за ангажирање на експерт/ка за изработка на анализа.**

## Дополнителни информации

Можете да добиете на електронската адреса: **info@zkomora.com.mk** или телефонски на тел078312134